РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 03-803/1
19.5. 2026 год.-vitl
Скопје-Shkup

**Пк 5.2,**
Издание 2, Ревизија 1

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија (РКЕ)** – независно регулаторно тело, кое обезбедува законито, транспарентно и ефективно регулирање на енергетските и водните дејности, определени со закон.

**Визија**
Наша визија е да бидеме стручна и модерна институција која обезбедува стабилен, одржлив и конкурентен енергетски и воден сектор, во рамките на надлежностите утврдени со Законот за енергетика и Законот за утврдување на цени на водните услуги.

**Мисија**
Нашата мисија е да ги заштитиме интересите на потрошувачите во енергетскиот и водниот сектор и да го поттикнеме развојот на енергетскиот и водниот систем во Република Северна Македонија.

**Политика за квалитет** преставува рамка за дефинирање на целите за квалитетот и е соодветна на целта и контекстот РКЕ и ја поддржува стратешката насока на Комисијата.

**Кон остварување на целите РКЕ ги исполнува следните принципи:**

- Воведување и заштита на конкурентен пазар на енергија врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминираност;
- Сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и водни услуги;
- Достигнување на нова деловна култура и компетентност на персоналот преку реализација на програмата за обука и мотивација на сите вработени;
- Создавање на ефикасна и ефективна професионална Комисија преку воведување, одржување и постојано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015;
- Постојано усовршување на процесите, услугите, перформансите и континуирано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет;
- Управување со процесите транспарентно, професионално, одговорно, посветено и тимски, планирајќи ги активностите за земање предвид на ризиците и можностите.
- Обезбедува потребни ресурси за ефективно функционирање на системот.

**Политиката за квалитет е основа за определување и преиспитување на целите за квалитет.**
Со Политиката за квалитет се запознаени сите вработени и е достапна на јавноста.

**Скопје,**
**19.05.2026**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ристов**